Бр. 09- 881/2
28.7.2026 година
Скопје

Врз основа на глава III, точка 2 од Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2026/2027 година, Универзитетската конкурсна комисија, на седницата одржана на 31.7.2026 година, донесе

**У П А Т С Т В О**
**за реализација на Конкурсот за запишување студенти**
**на прв циклус студии во учебната 2026/27 година**

**Член 1**

Упатството за реализација на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2026/27 година се донесува со цел да се обезбеди единствен пристап на сите единици при реализацијата на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии (Конкурсот е објавен на УКИМ (ukim.edu.mk)).

**Систем за електронско пријавување на кандидатите**

**Член 2**

Кандидатите за запишување на прв циклус на студии во учебната 2026/27 година **пред пријавувањето** во роковите утврдени со Конкурсот, **треба да се регистрираат на** www.upisi.ukim.mk **и да ја пополнат електронската пријава од iKnow-системот**.

Бројот којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронското пријавување треба да се внесе и во пријавата што се поднесува при пријавувањето за запишување.

Пријавувањето се врши во службата за студентски прашања на избраниот факултет.

**Член 3**

Одговорните лица за прифаќање на документите на кандидатите, на пријавата за запишување треба да проверат дали студентот го навел бројот на електронската пријава и да му издадат приемен број.

Доколку кандидатот не се пријавил електронски, потребно е да му се овозможи (просторно и кадровски) пристап тоа да го стори на факултетот, или пак електронското пријавување да го изврши одговорниот за прифаќање на документите (со внесување на податоците).

**Член 4**

Доколку во текот на реализацијата на Конкурсот, во приемните денови, дојде до каков и да било прекин во електронскиот систем за верификација на кандидатите (прекин на струја, мрежа, интернет конекција и сл.), одговорните лица за прифаќање на документите на кандидатите ќе треба да продолжат со примање на апликациите без да дојде до нарушување на процесот на пријавување. Вака примените апликации треба да бидат верифицирани во системот веднаш по добивањето на техничка можност за тоа.

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф. 576
Република Северна Македонија
телефон +389 2 3293 293 е-пошта: ukim@ukim.edu.mk
www.ukim.edu.mk

**Рангирање и селекција на кандидатите**

**Член 5**

За успешна и правилна селекција, на кандидатите им е дадена можност на факултетите со поголем број студиски програми, а каде што е така дозволено, освен за првиот избор на студиската програма за којашто конкурираат, да можат да изберат уште една или повеќе студиски програми, односно да се определат и за втора, трета и понатаму, студиска програма на истиот факултет, доколку не успеат да бидат примени на првоизбраната студиска програма.

При електронското пријавување, на кандидатите им се дава и опција да одберат дали прифаќаат да студираат со школарина. Во овој дел во iKnow системот за пријавување, пред да се даде можноста за избор, кандидатите добиваат насоки за значењето на секоја од опциите.

**Основниот избор е НЕ, кандидатите треба да направат дополнителен избор за ДА!**

**Член 6**

Кандидатите кои при рангирањето нема да бидат на ранг листа на примени кандидати на студиската програма која што им е прв избор, се рангираат на студиската програма која им е втор, односно трет избор, но се рангираат по кандидатите кои се веќе рангирани како примени на таа студиска програма како нивен прв избор, независно од бројот на поени.

**Член 7**

Рангирањето на кандидатите го врши конкурсната комисија на факултетот, носител на студиската програма.

Согласно со законската регулатива, во ранг листите, за секој пријавен кандидат се наведува бројот на електронската пријава и бројот на бодовите на секој кандидат, без наведување на името и презимето на кандидатот.

**Член 8**

Селекцијата на кандидатите, во зависност од видот на студиската програма, се врши согласно методологијата за пресметување на поените за селекција на кандидатите како што е утврдено во Конкурсот.

При пресметувањето на успехот од средното образование, Конкурсната комисија на факултетот предвид ги зема сите оценки запишани во свидетелствата на кандидатите, вклучувајќи ги и оценките од екстерното оценување.

Прелиминарните ранг-листи (со успехот од средно образование и со резултати од проверката на знаењата и умеењата) и решенијата за прием на кандидатите треба да се објават најдоцна до роковите објавени во глава X. од Конкурсот - **Рокови за пријавување, проверка на знаења и умеења и запишување**.

**Член 9**

По објавувањето на резултатите од проверката на знаењата и умеењата, кандидатот има право на приговор, во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите.

По објавувањето на резултатите од прелиминарната листа за запишување на кандидатите, кандидатот има право на приговор на технички пропусти, т.е. за грешки направени при пресметувањето на бодовите, во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите од прелиминарната ранг-листа. Во спротивно, го губи правото на приговор во натамошната постапка во поглед на објавените резултати. Приговорот се доставува до Конкурсната комисија на факултетот, која е организатор на студиската програма за која кандидатот конкурирал.

**Член 10**

Конкурсната комисија е должна да одлучи по приговорот на кандидатот во рок од 24 часа по истекот на рокот за неговото поднесување. Резултатот се објавува на огласна табла и на интернет страницата на факултетот, при што се наведува времето на објавување.

Одлуката на конкурсната комисија на факултетот е конечна. Против одлуката може да се поднесе тужба до Управниот суд.

**Доставување податоци до Универзитетската конкурсна комисија**

**Член 11**

Решението на конкурсната комисија за прием на студентите, односно конечните ранг листи за секој уписен рок, факултетите ги доставуваат до Универзитетската конкурсна комисија, во електронска форма и тие треба да соодветствуваат со ранг листите во iKnow системот. Ова значи дека сите измени во конечното решение за прием направени по автоматското рангирање (што го прави iKnow системот) треба да бидат рачно внесени и во сите верзии.

Факултетите се должни до Универзитетската конкурсна комисија да достават податоци за бројот на слободни места за запишување во **вториот уписен рок** на единиците на 4. септември, по завршување на запишувањето во рамки на првиот уписен рок.

Податоците од став еден и два на овој член се доставуваат на следниве електронски адреси: odd.nastava@ukim.edu.mk и ukc@ukim.edu.mk

**Универзитетска конкурсна комисија**

**Член 12**

Следењето на реализацијата на Конкурсот на факултетите го врши Универзитетската конкурсна комисија, формирана од Ректорската управа на УКИМ.

Универзитетската конкурсна комисија брои 9 члена, и тоа: проректорот за настава, 7 члена од редот на професорите од сите научни подрачја застапени на УКИМ и еден член од редот на студентите. Претседател на комисијата е проректорот за настава.

Универзитетската конкурсна комисија укажува и презема мерки за надминување на неправилностите и отстапувањата од Конкурсот.

**Распределба на дополнителни квоти по основа националност**

**Член 13**

Распределбата на бројот на кандидатите - припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, по студиски програми, ја вршат факултетите според Преглед 1, кој е составен дел на ова Упатство.

Бројот на припадниците на заедниците опфатени во категоријата **други** ќе се утврдува кумулативно од сите други заедници, според вкупниот број поени, односно предност ќе имаат кандидатите со највисок број поени.

Прегледот за распределбата на бројот на кандидатите од став 1 на овој член е утврден според резултатите од Пописот на населението, домаќинствата и становите 2021, објавен од Државниот завод за статистика, даден во следнава табела:

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| **Национална припадност** | **Број** | **% учество** | **% учество во допол. квота со Албанци** | **% учество во допол. квота без Албанци** |
| **Македонци** | 1073299 | 58,43586 | - | - |
| **Албанци** | 446245 | 24,29585 | 58,45387 | - |
| **Турци** | 70961 | 3,863478 | 9,295219 | 22,37325 |
| **Роми** | 46433 | 2,528049 | 6,082283 | 14,63983 |
| **Власи** | 8714 | 0,474434 | 1,141451 | 2,747431 |
| **Срби** | 23847 | 1,298352 | 3,123731 | 7,518705 |
| **Бошњаци** | 16042 | 0,873408 | 2,10135 | 5,057871 |
| **Други** | 151172 | 8,230573 | 19,8021 | 47,66292 |
| **Вкупно** | 1836713 | 100 | 100 | 100 |

Извор: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Popisi__Popis2021

Колоната 4 се применува за утврдување број на кандидати надвор од квота по основа националност на факултетите каде право на упис надвор од квота имаат и кандидати од албанска националност.

Колоната 5 се применува за утврдување број на кандидати надвор од квота по основа националност на факултетите каде право на упис надвор од квота немаат кандидати од албанска националност.

**Член 14**

При пријавувањето на кандидатите, посебна изјава за припадноста на кандидатите на заедниците во Република Северна Македонија поднесуваат само кандидатите во чии свидетелства, односно диплома не е внесена припадноста.

**Распределба на дополнителни квоти**

**Член 15**

Кандидатите кои ги исполнуваат условите за запишување во дополнителните квоти и без плаќање партиципација се ослободени и од плаќање административни такси на единиците на УКИМ.

Во оваа категорија влегуваат:

- лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители, најмногу до 26-годишна возраст, доколку се невработени (се докажува со потврда од надлежниот центар за социјална работа);
- лица со инвалидност, согласно уредбата која ја донесува Владата (се докажува со наод и мислење на Службата за функционална проценка при ЈЗУ Здравствен дом – Скопје и со решение од Центарот за социјална работа за видот и степенот на попреченоста) ;
- родител на дете до 6 годишна возраст, доколку е невработен (се докажува со извод од Матична книга за детето и потврда за евидентирано невработено лице);
- воени инвалиди (се докажува со решение на Министерството за труд и социјална политика-Управа за прашања на борците и воените инвалиди);
- лица растени во домови за напуштени деца, доколку се невработени;
- други лица утврдени со уредбата на Владата донесена по предлог на Националниот совет.
- Припадниците на безбедносните сили и други категории на лица утврдени со Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и членовите на нивните семејства, лицата утврдени со одредбата од чл. 23 од истиот Закон (Сл. весник на РСМ бр. 2/02, 17/03, 30/04 и 66/07 и Сл. весник на РСМ бр. 53/21), во учебната 2026/2027, ќе се запишуваат надвор од државната квота без поднесување трошоци за студирање, под услови за запишување утврдени во овој Конкурс, а нивниот број може да изнесува најмногу до 10% од вкупниот број студенти на ниво на студиска програма. Правото од претходниот став кандидатите го остваруваат при пријавувањето, со документ од Министерството за одбрана или од Министерството за внатрешни работи. Дополнително доставување документ за кандидатите кои се запишуваат во прва година не се зема предвид.

**Кандидати странски државјани и кандидати државјани на Република Северна Македонија кои делумно или целосно го завршиле средното образование во странство**

**Член 16**

Начинот на пресметување на успехот од свидетелствата стекнати во странство на кандидатите кои дел од средното образование завршиле во странство, го утврдуваат конкурсните комисии на факултетите.

**Член 17**

Кандидатите странски државјани, кандидатите чии родители се наши иселеници и кандидатите државјани на Република Северна Македонија, кои целокупното средно образование го завршиле во странство се пријавуваат во Ректоратот на Универзитетот, во роковите утврдени со Конкурсот.

Изборот на кандидатите од став 1 на овој член се врши според соодветноста на претходно завршеното средно образование во однос на студиската програма за која се пријавуваат и според успехот од средното образование.

Рангирањето и изборот на овие кандидати го врши Универзитетската конкурсна комисија.

Решението за запишаните кандидати од став 1 на овој член се доставуваат до соодветниот факултет, најдоцна до 30.9.2026 година (по пријавувањето во третиот уписен рок).

Примените кандидати од став 1 на овој член, во Iknow системот се внесуваат од страна на студентските служби на факултетите, по нивното запишување.

**Втор и трет уписен рок**

**Член 18**

Универзитетот ќе ги објави слободните места за запишување во вториот уписен рок на интернет страницата на Универзитетот најдоцна до 7.9.2026 година.

Бројот на слободните места за запишување во **третиот уписен рок**, факултетите го објавуваат на огласните табли и на интернет страниците најдоцна до 22.9.2026 година.

**Универзитетска конкурсна комисија**
**Претседател**

**Проф. д-р Соња Топузовска, с.р.**

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф. 576
Република Северна Македонија
телефон +389 2 3293 293 е-пошта: ukim@ukim.edu.mk
www.ukim.edu.mk

**Преглед 1**

**Преглед на распределбата на дополнителни квоти за запишување кандидати - припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија во учебната 2026/27 година**

Дополнителни квоти утврдени од Владата на Република Северна Македонија

- (бр. 57-4996/6 од 14.7.2026 година, Сл. весник бр. 160 од 16.7.2026 година)
- За обезбедување правична и соодветна застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во учебната 2026/27 година дополнително ќе се запишат студенти припадници на овие заедници, чиј број да не е повисок од **10%** од вкупниот број студенти кои се запишуваат во прва година – прв циклус студии на ниво на факултет. Притоа, во рамките на овој процент, соодветно ќе бидат застапени припадниците на сите заедници, до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на Република Северна Македонија.
- Процентот на студентите - припадници на овие заедници, заедно во државната и во дополнителната квота, треба да биде до процентот на застапеноста на соодветната заедница во вкупното население на Република Северна Македонија.
- На единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде постојат студиски програми кои се застапени на Универзитетот во Тетово и на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје, припадниците на албанската заедница ќе се запишуваат само во редовните квоти.

| ФАКУЛТЕТИ | дополни-телни квоти | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Архитектонски факултет** | **9** | - | **3** | **2** | **1** | **1** | **1** | **1** |
| **Градежен факултет** | **31** | - | **12** | **8** | **1** | **4** | **3** | **3** |
| **Факултет за електротехника и информациски технологии** | **60** | - | **23** | **15** | **3** | **8** | **5** | **6** |
| **Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство** | **80** | - | **30** | **20** | **4** | **11** | **7** | **8** |
| **Машински факултет** | **60** | - | **23** | **15** | **3** | **8** | **5** | **6** |
| **Технолошко-металуршки факултет** | **29** | - | **11** | **7** | **1** | **4** | **3** | **3** |
| **Природно-математички факултет** | **63** | - | **24** | **16** | **3** | **8** | **5** | **7** |
| **Економски факултет** | **66** | - | **25** | **16** | **3** | **8** | **6** | **7** |
| **Правен факултет „Јустинијан Први"** | **56** | - | **21** | **14** | **3** | **7** | **4** | **6** |
| **Филозофски факултет** | **64** | - | **25** | **16** | **3** | **8** | **5** | **7** |
| **Филолошки факултет „Блаже Конески"** | **81** | - | **31** | **20** | **4** | **10** | **7** | **8** |
| **Педагошки факултет „Св. Климент Охридски"** | **28** | - | **11** | **7** | **1** | **4** | **2** | **3** |

| ФАКУЛТЕТИ | дополни-телни квоти | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Медицински факултет** | **75** | - | **29** | **19** | **3** | **10** | **6** | **8** |
| **Фармацевтски факултет** | **22** | - | **8** | **6** | **1** | **3** | **2** | **2** |
| **Стоматолошки факултет** | **13** | - | **5** | **3** | **1** | **2** | **1** | **1** |
| **Факултет за физичко образование, спорт и здравје** | **24** | - | **9** | **6** | **1** | **3** | **2** | **3** |
| **Факултет за земјоделски науки и храна** | **48** | - | **19** | **12** | **2** | **6** | **4** | **5** |
| **Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“** | **17** | **12** | **2** | **1** | **0** | **1** | **0** | **1** |
| **Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер** | **14** | **10** | **1** | **1** | **0** | **1** | **0** | **1** |
| **Факултет за ветеринарна медицина** | **5** | **4** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Факултет за драмски уметности** | **2** | - | **1** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Факултет за ликовни уметности** | **4** | - | **2** | **1** | **0** | **1** | **0** | **0** |
| **Факултет за музичка уметност** | **19** | - | **7** | **5** | **1** | **2** | **2** | **2** |